РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2156/2
16-09-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот --------- --------------- ------------ од -----------, на продолжението на 38-та седница одржано на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата на подносителот --------- --------------- ------------ од ------------, по која во Државната комисија за спречување на корупција е оформен предмет бр. 12 - 2156/1 од 01.04.2019 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12 – 2156 од 2019 година, по предметот се водат постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12 – 2156 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2156 од 2019 година е оформен по пријава број 12-2156/1 од 01.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот, --------- --------------- ------------ од ------------.

Во пријавата се изнесени наводи за незадоволство од постапувањето на државни управни органи и судови во РСМ во оставинска постапка и поднесен предлог заведени пред Основниот суд Скопје 2 во 2006 година во врска со прогласен тестамент од родител на подносителот, сега покоен, а воедно се бара ДКСК да укаже помош околу решавањето на овој проблем и остварувањето на правата на подносителот како законски наследник во предметната постапка..

При разгледување на предметните наводи и документацијата доставена во прилог на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Во доставената пријавата станува збор за оставинска постапка водена пред Основниот суд Скопје 2 за имотот на покојниот родител – татко на подносителот и за тестамент прогласен по предлог на мајката на подносителот пред Основниот суд Скопје 2 во 2006 година, а кое прогласување според подносителот на пријавата било спроведено на незаконит начин и за истото дал изјава дека не го признава.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-Во врска со предметната постапка, од страна на подносителот како засегната страна во предметниот случај – законски наследник, биле преземени неколку активности поради остварување на своите права во предметната постапка и тоа:

*На ден 19.02.2007 година до ОЈО Скопје била поднесена кривична пријава против другите учесници/наследници во постапката, братот и мајката на подносителот, за сторено кривично дело фалсификување на исправа. По ова, оставинската постапка која била водена пред Основниот суд Скопје 2, била прекината, а по однос на поднесената кривична пријава била спроведена истрага по која јавниот обвинител се откажал од кривично гонење на лицата, со образложение дека немало докази дека обвинетите го сториле кривичното дело кое им се става на товар. На оваа решение од истражниот судија, бил поднесен супсидијарен обвинителен акт на 18.06.2008 година, на кој имало и приговор од обвинетите, а по кој Кривичниот совет донел решение со кое го уважил приговорот на обвинетите и го потврдил решението на истражниот судија.

*Во 2009 година, повторно била поднесена кривична пријава до ОЈО Скопје но, сега против непознат сторител, по што било донесено Решение со кое била отфрлена пријавата со образложение дека не постојат основи на сомнение дека непознат сторител ги сторил кривичните дела. По ова, од страна на подносителот на пријавата бил извршен увид во предметот и во врска со „исчезнувањето" на тестаментот, бил известен Судскиот совет, кој одговорил дека во предметот имало тестамент но без да биде наведено дали тој е во оригинал или во копија, а исто така и било забележано дека увидот во предметот бил направен без да има ставено дозвола од надлежниот судија.

*За случајот била заведена судска постапка по поднесена тужба за докажување на ништовност на тестаментот во која постапувал и Апелациониот суд, а кој завршила со пресуда со негативен исход за подносителот, кој бил била целосно лишен како законски наследник на имот од својот покоен родител.

*Исто така, за случајот била заведена и управна постапка, против Агенцијата за катастар на недвижности поради одземање на правото на сопственост а која имала позитивен исход но, донесената одлука не била реализирана па се водело и судска постапка .

*Биле покренати и кривични постапки и против сведоците на тестаментот, но по првиот сведок постапката запрела затоа што сведокот починал, а за вториот сведок судот дозволил да застари постапката за кривично гонење. Во врска со овој конкретен предмет, кој се водел од 2016 година па наваму, таа се обратила до Судски совет и до Врховниот суд на РСМ.

*Во моментот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, во тек била и активна управна постапка пред Вишиот управен суд по предмет инициран од страна на братот на подносителот и од Државното правобранителство на РСМ , за одземање на правото на сопственост на земјиштето под куќата во која живеел подносителот, а кое било купено од државата во законита постапка.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување односно, се работи за прашања кои се сврзани со постапка за расправање на оставината во која подносителот на пријавата е еден од наследниците кои се јавуваат како учесници во истата и кој ги преземал потребните активности за остварување на своите права по однос на утврдувањето на наследниот дел во постапката, а за што биле поведени судски постапки кои се водат пред други надлежни органи. Од вака утврдената фактичка

состојба, Државната комисија оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 2156/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :

- Архива
- Подносител

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК